**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 172 став 1 и 8 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за условите и начинот на работа на штедилниците
## („Службен весник на РМ“ бр. 79/2007)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа Одлука се пропишуваат условите и начинот на работа на штедилниците во Република Македонија, од аспект на:

- примената на супервизорските стандарди кои се однесуваат на лимитите на изложеност;
- извршувањето банкарски активности - одобрување кредити и прибирање депозити и
- вложувањата.

## II. ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ И ИЗЛОЖЕНОСТ НА ШТЕДИЛНИЦА

2. Изложеноста спрема лице и со него поврзани лица не смее да надмине 10% од сопствените средства на штедилницата.

Изложеноста спрема акционер, односно содружник со квалификувано учество во штедилницата и со него поврзаните лица не смее да надмине 5% од сопствените средства на штедилницата.

Изложеноста спрема лице со посебни права и одговорности и со него поврзаните лица не смее да надмине 3% од сопствените средства на штедилницата.

Вкупната изложеност кон лицата од ставовите 2 и 3 од оваа точка не смее да надмине 65% од сопствените средства на штедилницата.

Вкупната изложеност спрема банки и штедилници не смее да надмине 30% од сопствените средства на штедилницата.

3. Изложеноста спрема лицата од точка 2 ставови 2 и 3 од оваа Одлука се одобрува врз основа на одлука на орган на надзор или Собрание, односно Собир на содружници на штедилницата.

Условите под кои се одобруваат кредити, се прибираат депозити и се вршат други финансиски трансакции со лицата од точка 2 ставови 2 и 3 од оваа Одлука, при еднакво ниво на ризик утврден во согласност со супервизорските стандарди, не смеат да бидат поповолни од условите што се применуваат за другите комитенти на штедилницата.

4. Штедилницата е должна да има пишана политика за управување со кредитниот ризик и процедури за начинот на одобрување кредити, кои треба да содржат одредби најмалку за:

- анализа на кредитната способност на комитентот;
- начин на пресметка на камата;
- евиденција на кредитите и каматата;
- следење на кредитите;
- одредување на надлежности на лицата кои ја извршуваат оваа активност, притоа почитувајќи го принципот на сегрегација на должности;
- следење на поврзани лица;
- опис на основните карактеристики на секој производ;
- дефинирање на прифатливо ниво на концентрација на изложеност (по поединечен комитент, категорија на комитенти, дејност, вид на обезбедување и слично);
- видови обезбедување кои се сметаат како прифатливи за покривање на кредитниот ризик.

## III. ВЛОЖУВАЊА НА ШТЕДИЛНИЦА

5. Штедилницата не смее да се стекне со земјиште, згради и опрема кои не ги користи за извршување на своите активности, како и со капитални делови во други субјекти, освен оние стекнати врз основа на ненаплатени побарувања.

Имотот на штедилницата во земјиште, згради и опрема не смее да надмине 30% од сопствените средства на штедилницата.

Во рамките на лимитот од став 2 од оваа точка не се вклучува имотот во земјиште, згради и опрема стекнат врз основа на ненаплатени побарувања, а кои штедилницата не ги користи за извршување на своите функции и капиталните делови стекнати врз основа на ненаплатени побарувања.

Имотот и капиталните делови стекнати врз основа на ненаплатени побарувања, штедилницата е должна да ги продаде во рок од три години од нивното стекнување. Во спротивно, истите се вклучуваат во лимитот од ставот 2 од оваа точка.

6. Штедилницата е должна да има пишана политика и процедури кои треба да се однесуваат на процесот на преземањето и продажбата на имотот стекнат врз основа на ненаплатени побарувања.

## IV. ПРИБИРАЊЕ ДЕПОЗИТИ

7. Штедилницата може да прибира депозити од физички лица најмногу до износ кој не смее да го надмине двојниот износ на нејзините сопствени средства.

Штедилницата е должна на сите свои уплатни-исплатни места да истакне список на прибраните депозити по број на партија, износ на депозитот, датум на вложување, рок на вложување и каматна стапка.

Списокот од став 2 од оваа точка, штедилницата е должна да го истакне најдоцна до 5-ти во месецот, за состојба на крајот на претходниот месец.

Во заглавието на овој список задолжително стои следниот текст:

„Ова е единствен список на депозити во оваа штедилница, кој е пријавен во Фондот за осигурување на депозити и Народна банка на Република Македонија. “

Штедилницата е должна на сите свои уплатни-исплатни места да истакне соопштение дека не прибира девизни депозити.

Внесување на невистинита содржина во списокот од став 1 на оваа точка или невнесување на податоци за депозитна партија претставува кривично дело - фалсификување на службена исправа.

8. Штедилницата е должна да има пишана политика и процедури со кои се регулира најмалку начинот на прибирање, евиденција и исплата на депозитите, пресметка на каматата и сегрегација на должностите.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

9. Штедилниците се должни да се усогласат со одредбите на оваа Одлука во рок од дванаесет месеци од денот на нејзиното влегување во сила.

10. Оваа Одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

11. Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на обемот и начинот на работење на штедилниците („Службен весник на РМ“ бр. 111/2000, 80/2002 и 66/2003).

**О.бр.02-15/VI-2 /2007**
27 јуни 2007 година
Скопје

**м-р Петар Гошев**
гувернер
Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија